РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
ПЕДАГОШКА СЛУЖБА - КОМИСИЈА ЗА ШИФРИРАЊЕ И ПРОВЕРКА
SHËRBIMI PEDAGOGJIK - KOMISIONI I SHIFRIMIT DHE I VERIFIKIMIT
Бр.-Nr. 32-92/1
01. 07. 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК

## од Комисијата за шифрирање и проверка на пристигнатата документација

Врз основа на член 14 став (1) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25 и 74/25), Директорот на Педагошка служба во рок од три дена од завршување на Конкурсот бр.26-541/1 од 29.04.2026 година со Решение бр.26-541/4 од 01.07.2026 година формираше Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација.

Со записник за примопредавање бр.26-541/5 од 01.07.2026 година заверен кај Комисијата за шифрирање и проверка бр.32-91/1 од 01.07.2026 година директорот на Педагошката служба ги достави пристигнатите понуди за ракописи за учебници во затворени пакети доставени до писарницата на Министерството за образование и наука - Педагошка служба по горенаведениот Конкурс и тоа за следниот наставен предмет:

| | |
|---|---|
| **Информатика за II (втора) година гимназиско образование** | 26-541/2 од 30.06.2026 година |
| | 26-541/3 од 30.06.2026 година |

За горенаведеннот предмет предадени се вкупно 2 понуди за ракописи за учебници во затворени пакети и тоа:

за наставниот предмет **Информатика за II (втора) година гимназиско образование** - 2 пакети-истите беа не оштетени.

По приемот на понудите за ракописи за учебници Комисијата за шифрирање и проверка на ден 01.07.2026 година пристапи кон шифрирање и проверка на пристигнатата документација при што го констатираше следното:

| **Назив на учебникот** | **Архивски број од Педагошка служба** | **Шифра** | **Доставена документација** |
|---|---|---|---|
| **Информатика за II (втора) година гимназиско образование** | 26-541/2 од 30.06.2026 година | **500** | - 5 ракописи за учебници во печатена форма<br>- 1 ракопис во електронска форма (CD)<br>- 1(CD) во кое е приложена скенираната документација<br>- Потврда за регистирана дејност од Централен регистар на Република Северна Македонија за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Друштвото за производство, трговија и услуги СТУДЕНТСКИ СЕРВИС ДОО увоз-извоз Скопје;<br>-Тековна состојба на Друштвото за производство, трговија и услуги СТУДЕНТСКИ СЕРВИС ДОО увоз-извоз Скопје во која е наведен датумот на основање, 28.08.2002 година;<br>- Решение за упис во трговски регистар од Основен суд Скопје I Скопје за Друштвото за производство, трговија и услуги СТУДЕНТСКИ СЕРВИС ДОО увоз-извоз Скопје-фотокопија заверена на нотар;<br>-Податоци за правниот субјект:<br>Назив: Друштво за производство, трговија и услуги СТУДЕНТСКИ СЕРВИС ДОО увоз-извоз Скопје<br>Тел.бр. 070 276 109<br>Адреса на седиште: ул. Перо Наков бр.112<br>Електронска адреса: orce.ristovski@gmail.com<br><br>Податоци од Друштвото за производство, трговија и услуги СТУДЕНТСКИ СЕРВИС ДОО увоз-извоз Скопје за точно име и презиме на авторот: Тодор Димов<br><br>Податоци за авторот:<br>Точно име и презиме и доставена документација:<br>1. Тодор Димов<br>-Изјава согласно член 10 од Законот за учебници во основно и средно образование;<br>-Изјава дека ракописот е проверен од содржински и технички аспект, дека преземените информации се рефенцирани и дека не се плагијат;<br>-Уверение за дипломиран информатичар од Универзитет ,,Св. Климент Охридски"- Технички факултет, Битола – фотокопија заверена на нотар и<br>- Потврда од ПИОМ<br><br>- Изјава за јазично уредување на текстот од Томислав Треневски<br>-Потврда за положен испит за лектор од Томислав Спасе Треневски - фотокопија заверена на нотар<br><br>- Изјава за обезбедени авторски права за илустрации во ракописот од Друштвото за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | производство, трговија и услуги СТУДЕНТСКИ СЕРВИС ДОО увоз-извоз Скопје.<br><br>-Изјава за согласност за јавно објавување на целокупната приложена документација од Друштвото за производство, трговија и услуги СТУДЕНТСКИ СЕРВИС ДОО увоз-извоз Скопје |
| | 26-541/3 од 30.06.2026 година | 600 | - 5 ракописи за учебници во печатена форма<br>- 1 ракопис во електронска форма (USB) во кој е приложена и скенирана приложена документација<br>- Потврда за регистрирана дејност од Централен регистар на Република Северна Македонија за Друштвото за издавачка дејност, производство, промет и услуги ЕДУКА МАК ДОО увоз-извоз Скопје;<br>- Изјава од Друштвото за издавачка дејност, производство, промет и услуги ЕДУКА МАК ДОО увоз-извоз Скопје со која потврдува дека друштвото е регистрирано за издавачка дејност повеќе од 5 години<br><br>Податоци за правниот субјект:<br>Назив: Друштво за издавачка дејност, промет и услуги ЕДУКА МАК Скопје<br>Тел.бр. 072 304 039<br>Адреса на седиште: ул. Михаил Цоков 2/2/12 Скопје- Центар<br>Електронска адреса: edukamak@gmail.com, info@edukamak.mk<br><br>Податоци од Друштвото за издавачка дејност, производство, промет и услуги ЕДУКА МАК ДОО увоз-извоз Скопје за точно име и презиме на авторот: Јовица Ристиќ<br><br>- Податоци за авторот:<br>Точно име и презиме и доставена документација:<br>1. Јовица Ристиќ<br>-Изјава согласно член 10 од Законот за учебници во основно и средно образование;<br>-Изјава дека ракописот е проверен од содржински и технички аспект, дека преземените информации се рефенцирани и дека не се плагијат; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | -Диплома за дипломиран професор по информатика од Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј"- ПМФ, Скопје – фотокопија заверена на нотар;<br>- Потврда од ПИОМ-оригинал<br><br>-Лекторска лиценца од Симона Александар Алачева - фотокопија заверена на нотар<br>- Изјава за јазично уредување на текстот од Симона Алачева;<br><br>- Изјава за обезбедени авторски права за илустрации во ракописот од Друштвото за издавачка дејност, производство, промет и услуги ЕДУКА МАК ДОО увоз-извоз Скопје<br><br>- Изјава за согласност за јавно објавување на целокупната приложена документација од Друштвото за издавачка дејност, производство, промет и услуги ЕДУКА МАК ДОО увоз-извоз Скопје<br>**СЕ ОТФРЛА** |

Забелешка:

1. Понудата за ракописот за учебник по наставниот предмет **Информатика за II (втора) година гимназиско образование**, со шифра 600 **СЕ ОТФРЛА** затоа што по проверка на доставената документација е констатирано дека согласно член 13 став (1) алинеја 1 од Законот за учебници во основно и средно образование како и објавениот Конкурс бр.26-541/1 од 29.04.2026 година, во точка 4.3 издавачот нема доставено доказ за регистрирана дејност од најмалку пет години.

По шифрирањето и проверката на пристигнатата документација и заверката на овој Записник Комисијата за проверка и шифрирање, ракописот за учебник кој ги исполнува условите согласно Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/25 и 74/25), Конкурсот бр.26-541/1 од 29.04.2026 година врз основа на член 14 став (3) во рок од три дена од денот на проверката и шифрирањето во запечатени пликоа преку Педагошката служба ќе го достави до Бирото за развој на образованието и Рецензентската комисија формирана од Националната комисија за учебници за основно и средно образование.

**КОМИСИЈА ЗА ШИФРИРАЊЕ И ПРОВЕРКА:**

Андреа Јанковски – претседател

Виолета Костовска – член и

Бесим Алија – член

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
ПЕДАГОШКА СЛУЖБА - KOMISIJA ЗА ШИФРИРАЊЕ И ПРОВЕРКА
SHËRBIMI PEDAGOGJIK - KOMISIONI I SHIFRIMIT DHE I VERIFIKIMIT
СКОПЈЕ - SHKUP